20260200275

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ И ОБЈЕКТИ ЗА УЧЕНИЦИ/СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 2

Се прогласува Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Кредитната банка за обнова – КФВ по Договорот за заем за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентските домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија – фаза 2,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 29 јануари 2026 година.

Бр. 08-688/1
29 јануари 2026 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ КРЕДИТНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА – КФВ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА СТУДЕНТСКИТЕ ДОМОВИ И ОБЈЕКТИ ЗА УЧЕНИЦИ/СТУДЕНТИ СО ПОПРЕЧЕНОСТИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 2

Член 1

Република Северна Македонија се задолжува кај Кредитната банка за обнова – КфВ со заем во износ од 40.000.000 евра, наменет за финансирање на Проектот за енергетски ефикасна рехабилитација на студентски домови и објекти за ученици/студенти со попречености во Северна Македонија - фаза 2.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон, се утврдуваат со Договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Северна Македонија и Кредитната банка за обнова - КфВ.

Во име на Република Северна Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член, ќе го потпише министерот за финансии.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години, со вклучен грејс-период до пет години.

Каматната стапка ќе се утврдува одделно за секоја транша од заемот при нејзино повлекување.

Република Северна Македонија ќе ѝ плати на Кредитната банка за обнова – КфВ еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.

Република Северна Македонија ќе ѝ плаќа на Кредитната банка за обнова - КфВ провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот.

Провизијата од ставот 4 на овој член ќе се плаќа полугодишно.

Член 4

Корисник на средствата од заемот од членот 1 од овој закон е Министерството за образование и наука.

Член 5

Република Северна Македонија заемот од членот 1 од овој закон ќе го отплаќа од Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.